**Република Македонија**
Нотар
Анета Петровска Алексова
За подрачјето на основните судови на Градот Скопје
ул.„Никола Вапцаров„3/1
14.04.2011 година
ден четиринаесетти,месец април,две илјади и единаесетта година
во 10 : 00 (десет) часот

**ОДУ бр.466/ /2011**
Книга 2
Извод

Јас, Нотар Анета Петровска Алексова од Скопје, со службено седиште на ул.„Никола Вапцаров„ бр.3/1,за подрачјето на основните Судови на градот Скопје, на ден 14.04.2011година (ден четиринаесетти, месец април, две илјади и единаесетта година), присуствував на Годишната седница на Собранието на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ, Акционерско Друштво за електронски комуникации - Скопје, со ЕМБС 5168660, кое се одржа во хотелот „Холидеј Ин„ во Скопје,со почеток во 10:00 (десет) часот, при што согласно членот 4 и 73 од Законот за нотаријатот и членовите 383 став 3 и 407 од Законот за трговски друштва, го составив следниот ---------------------------------------------------------------------------

----------------------------ЗАПИСНИК од Годишната седница на --------------------------
------СОБРАНИЕТО НА МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ, Акционерско Друштво за ----
---------------------------електронски комуникации Скопје---------------------------------

Пред отпочнувањето на Собранието ми беа предочени:--------------------------------------

**1**.Тековна состојба на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ, Акционерско Друштво за електронски комуникации - Скопје, ---------------------------------------------------

**2**. Акционерска книга на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ, Акционерско Друштво за електронски комуникации – Скопје (Друштвото), издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност, во 11: 32: 00 часот.----------------------------------------

**3**. Список на присутни акционери.-----------------------------------------------------------

**4**. Јавен повик за свикување на Годишно Собрание на Друштвото, објавен во весникот „Дневник„ на ден 24.03.2011 година, со следен :------------------------------

----------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**----------------------------------------------

I .ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ-----------------------------------------------------------------------

1. Отварање на Собранието----------------------------------------------------------
2. Избор на Претседавач ----------------------------------------------------------
3. Избор на бројачи на гласови------------------------------------------------------
4. Избор на записничар. -----------------------------------------------------------

----------------------
Претседавач с.р.

II. РАБОТЕН ДЕЛ------------------------------------------------------------------------------------------

1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија,---------------------------------------------------------------
2. Предлог Одлука за усвојување на Консолидираната Годишната сметка на Друштвото за 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија,---------------------------------
3. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија,---------------------------------
4. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2010 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување,------------------------------------------------------
5. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2010 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување,--------------------------------------------
6. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2010 година,----------------------------------------------------------------
7. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2010 година,-----------------------------------------------------------------------------------
8. Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2010 година,----------
9. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2010 година,--------------------------------------------------
10. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Консолидираните финансиски извештаи и на Финансиските извештаи на Друштвото за 2011 година,-----------------------------------------------------------------------------------
11. Предлог Одлука за продажба на три административни згради на Друштвото и купување на нова Административна зграда, и -----------------------------------
12. Предлог Одлука за избор на членови на Одборот на директори на Друштвото.---

Пред почетокот на Годишната седница на Собранието на Македонски Телеком АД – Скопје (во понатамошниот текст Друштвото или МКТ), досегашниот Претседавач на седницата на Собранието, Г-дин Зоран Трајчевски, се обрати кон присутните во салата, и потоа и даде збор на претставничката на компанијата „Намико„ одговорна за системот на електронско гласање, со цел да им де објасни на присутните системот на електронското гласање .-----------------------------------

---------------------
Претседавач с.р.

Со едно тест прашање, (Дали 3 MAX TB е понуда на T-HOME?), се изврши проверка на функционалноста на системот за гласање. -------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ТЕСТ ПРАШАЊЕ**

**TEST QUESTION**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.255.326 | 99,99% |
| НЕ / NO | 7.214 | 0,01% |
| Воздржан / Abstained | 2.000 | 0,00% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

По завршувањето на презентацијата на системот за гласање, се пристапи кон утврдување на бројот на присутните акционери,со вкупен број на акции со право на глас, за што е изготвен Список на пријавени акционери и потпишан од присутните акционери,односно,нивни овластени застапници.------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Списокот на акционери е доставен до Г-дин Зоран Трајчевски, досегашен Претседавач со седницита на Собранието, кој ја води седницата на Собранието до изборот на Претседавач на денешната Годишна седница на Собранието. -------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се утврди дека од вкупно 86.250.798 (осумдесетишестмилионидвестотиниипедесетилјадиседумстотинидеведесетиосум) акции со право на глас, на денешната Годишна седница на Собранието, присутни се акционери, односно овластени застапници на акционери, кои поседуваат вкупно 82.264.540 (осумдесетидвамилионидвестотинишеесетичетириилјадипетстотиниичетириесет) акции со право на глас, што претставува 95,37 % (деведесетипет запирка триесетиседум) од вкупниот број на акции со право на глас, и согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото, има кворум за работа и се исполнети условите за законито работење и донесување на Одлуките на Собранието.-----------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ ------------------------------------------------------------------------

1. Отварање на Собранието.----------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Годишното Собрание на Друштвото, ја отвори досегашниот Претседавач, Г-дин Зоран Трајчевски, кој воедно даде и воведен збор за целта и потребите од свикување на Собранието.-----------------------------------------------------
Потоа ги извести присутните акционери, односно нивните овластени застапници, дека на денешната Годишна седница на Собранието на Друштвото, не е во можност да присиствува Г-динот Николај Бекерс, Главен извршен директор на МКТ и согласно неговото барање го прочита неговото обраќање до присутните акционери и застапниците на акционерите на МКТ:------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

*„ Почитувани акционери, почитувани претставници на акционерите,----------------
Пред да го започнете денешното Собрание, прво би сакал да се извинам што не сум во можност да присуствувам поради претходно договорени и неодложни обврски.---------------------------------------------------------------------------------------*

--------------------

Претседавач с.р.

*Но пред се би сакал да ја искористам оваа прилика да се заблагодарам на секој од вас за поддршката која ми ја давате, како и за одличната соработка која ја имам со вас како извршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком.*
*Имајќи во предвид дека сум член на Одборот на директори веќе скоро 4 години, --- сметам дека е време да го резимирам досега постигнатото.----------------------------*
*Кога дојдов во компанијата, пред нас беа многу предизвици. Прво, со влегувањето на силниот Т бренд компанијата влезе во нов период. Ова беше првото свртување кон патот што значеше цврста основа на која изградивме силна пазарна позиција на компанијата и оствривме многу успеси. Горд сум што сум член на тимот кој ги реализираше стратешките цели на компанијата и на тој начин длабоко ја зацврсти нејзината лидерска позиција на пазарот. Нашата напорна работа резултираше со лансирање на многу иновативни продукти и услуги. ----*
*Ја развивме 3G мрежата, инвестиравме во поставување на оптичка мрежа, ги воведовме 3 Max пакетите и IPTV услугата, и да не ги заборавиме, пакет услугите креирани согласно растечките потреби на корисниците. Исто така, треба да сме горди на 3 Screen продуктот кој го лансиравме за време на Светското фудбалско првенство – тоа што сме иновативни и понапред од сите останати ја потврдува нашата позиција на сигурен партнер во очите на корисниците, но исто така и во рамки на ДТ групацијата. Сето ова се должи на многу напорна работа, иницијативност и јасна визија на целиот тим.---------------------------------------------*
*Секогаш ми причинува задоволство да ги соопштам одличните финансиски резултати кои ги постигнуваме години наназад, а кои директно влијаат на добрата профитабилност на компанијата, кои влијаат на угледот на компанијата во општеството, и од кои зависи редовното исплаќање на дивидендата. За ова говорат двете награди кои ги добивме кон крајот на 2010 година. Од страна на Стопанската Комора на Република Македонија, бевме прогласени за финансиски најуспешна компанија во Македонија. Истовремено, го добивме Сертификатот за компанија со добро корпоративно управување, од страна на невладината организација Транспарентност-Нулта Корупција, во соработка Стопанската Комора на Македонија и Стопанската Комора на северозападна Македонија. ----------------------------------------------------------------*
*Ова е навистина вредно за споделување! Уште повеќе, претставува мотивација за многу достигнувања кои ќе потврдат дека сме дел од Т групацијата, и дека нашите акционери може да сметаат на нас! Треба да продолжиме во тој дух!-----*
*Ви благодарам за вниманието и ви посакувам успешен состанок .----------------------*
*-------------Со почит,----------------------------------------------------------------------------*
*Николај Бекерс Главен извршен директор,,-----------------------------------------------*
------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да се пристапи кон утврдување на предложените точки од работниот дел на Дневниот ред на денешната седница на Годишното Собрание на Друштвото, Претседавачот предложи да биде избран Претседавач на Собранието, бројачи на гласови и записничар, и го повика овластениот застапникот на КамениМост комуникации АД Скопје во ликвидација, мнозински акционер на Друштвото, Г-ѓа Елза Паппне Бичева, ( со уредно полномошно ) да даде предлог за избор на Претседавач, бројач на гласови и записничар.-----------------------------------------------
За Претседавач на Собранието беше предложен Г-дин Зоран Трајчевски (како овластен застапник на Владата на Република Македонија, акционер на Друштвото), за бројачи на гласови, беа предложени Г- ѓа Наташа Неделковска и Г- ѓа Јасна Велковска Цветковска (од Обласра за Корпоративен секретаријат во Друштвото) и

за записничар, беше предложена нотар Г-ѓа Анета Петровска Алексова.---------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Со оглед дека никој друг не се јави за збор, се повикаа присутните акционери да пристапат кон гласање.----------------------------------------------------------------------
Гласањето ги даде следните резултати : ---------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Дали ги прифаќате предложените Претседавач на Собрание, бројачи на гласови и записничар?**

**Do you accept proposed Chairperson, Vote Counters and Minutes Keeper?**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.263.540 | 100,00% |
| НЕ / NO | 1.000 | 0,00% |
| Воздржан / Abstained | 0 | 0,00% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

11

Врз основа на спроведеното гласање, по предлогот на Г-ѓа Елза Паппне Бичева , Претседавачот констатира дека Собранието на Друштвото донесе Заклучок, со кој за Претседавач на Собранието со мандат до следното Собрание е избран Г-дин Зоран Трајчевски, за бројачи на гласовите се избрани Г- ѓа Наташа Неделковска и Г- ѓа Јасна Велковска Цветковска и за записничар е избрана нотар Г- ѓа Анета Петровска Алексова.------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

РАБОТЕН ДЕЛ-------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот информираше дека предложениот Дневниот ред, со Јавен повик за свикување на Годишното Собрание на Друштвото, беше објавен на ден 24.03.2011 година, во дневниот весник "Дневник", со напомена дека сите акционери се запознаени со предложените точки на Дневниот ред по кои треба да се расправа и одлучува на Собранието. Напомена дека Јавниот повик и материјалите за Годишното Собрание од истиот датум биле објавени и на официјалната интернет страница на МКТ, вклучувајки ги и останатите поврзани информации, како законска обврска согласно последните измени на Законот за трговски друштва.------
Во однос на правото на акционерите да поставуваат прашања по секоја од точките од Дневниот ред, а со оглед дека прашањата и одговорите на поставените прашања на денешната седница на Годишното Собрание ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на МКТ, како нова законска обврска согласно последните измени на Законот за трговски друштва, ги замоли присутните акционери прашањата да ги поставуваат прецизно и конкретно за соодветната точка од Дневниот ред. Појасни дека истите ќе се нотираат во нотарскиот записникот и заедно по групи потоа ќе бидат одговорени и објавени на официјалната интернет страница на МКТ.----------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се повикаа присутните акционери, односно нивните овластени застапници да пристапат кон гласање по предложените точки на Работниот Дел на Дневниот ред: -
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------

Претседавач с.р.

1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија;
2.Предлог Одлука за усвојување на Консолидираната Годишната сметка на Друштвото за 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија;
3.Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија;-----------------------------------------------------------
4.Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2010 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување
5.Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2010 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување;-----------------------------------------------------------------
6.Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2010 година;---------------------------------------------------------------------
7.Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2010 година; ------------------------------------------------------------------------------------------
8.Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2010 година; -----------
9.Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2010 година;--------------------------------------------------
10.Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Консолидираните финансиски извештаи и на Финансиските извештаи на Друштвото за 2011 година;--
11.Предлог Одлука за продажба на три административни згради на Друштвото и купување на нова Административна зграда; и -----------------------------------------------
12. Предлог Одлука за избор на членови на Одборот на директори на Друштвото.---
Гласањето ги даде следните резултати: ------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Дали го прифаќате дневниот ред?**

**Do you accept the Agenda?**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.255.254 | 99,99% |
| НЕ / NO | 6.214 | 0,01% |
| Воздржан / Abstained | 3.072 | 0,00% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

16

По извршеното гласање Претседавачот констатираше дека Собранието го утврди Работниот Дел на Дневниот ред на седница на Годишното Собрание на Друштвото.------------------------------------------------------------------------------------------

<u>1.По првата точка од Дневниот ред</u> - Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија, Претседавачот отвори дискусија.--------------------------------------------------
Со оглед дека никој не се јави за дискусија, Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.-------------------------
Гласањето ги даде следните резултати : ---------------------------------------------------
---------------------

Претседавач с.р

**Точка 1 – Item 1**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.252.261 | 99,99% |
| НЕ / NO | 2.614 | 0,00% |
| Воздржан / Abstained | 9.665 | 0,01% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

- - T - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

19

По извршеното гласање Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за годината што завршува на 31 декември за 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија.------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
2. По втората точка од Дневниот ред - Предлог Одлука за усвојување на Консолидираната Годишната сметка на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија, Претседавачот отвори дискусија.-----------------
За дискусија се пријави акционерот Г-дин Симо Груевски, малцински акционер, со прашање по однос на точката 6А од табелата на Билансот на успехот. Истакна дека трошоците за плати на вработените, се зголемени за околу 1.300.000,00 евра (еден милион и тристотини илјади евра) за 2010 година, а бројот на вработени е намален за дваесет вработени во однос на 2009 година. Побара да му се даде одговор за причината на диспропроцијата, намален број на вработени - зголемени трошоци за плати, а според неговите сознанија во 2010 година во Друштвото немало зголемувања (покачувања) на платите на вработените.------------------------------------
Потоа во својата дискусија , истакна дека во својство на акционер, е задоволен од финансиските резултати кои ги остварува Друштвото, но не и во својство на корисник на услугите на Македонски Телеком АД Скопје. ------------------------------
По завршувањето на дискусијата на Г-динот Симо Груевски, Претседавачот истакна дека прашањето е нотирано во Записникот, истото ќе биде одговорено и објавено на официјалната интернет страница на Друштвото.------------------------------
Со оглед дека никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори дискусијата и предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.------------------------------------------------------------------
Гласањето ги даде следните резултати : ------------------------------------------

**Точка 2 – Item 2**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.254.261 | 99,99% |
| НЕ / NO | 7.828 | 0,01% |
| Воздржан / Abstained | 2.451 | 0,00% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

- - T - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

22

По извршеното гласање, Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за усвојување на Консолидираната Годишната сметка на Друштвото за

---------------------
Претседавач с.р

годината што завршува на 31 декември 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија. --------------------
3. По третата точка од Дневниот ред - Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 делември 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија, Претседавачот отвори дискусија.-----------------
За дискусија се пријави Г-дин Тихомир Мукаетов, малцински акционер, кој истакна дека не е задоволен со укажувањето за примената на новата законска одредба за објавување на одговорите на поставените прашања на официјалната интернет страница на Друштвото, од причина што на тој начин акционерите нема да можат да добијат веднаш одговори и да гласаатат по предлог Одлуките од Дневниот ред. Претседавачот на Собранието истакна дека прашањата поставени од акционерите на самата седница ќе бидат одговорени веднаш од страна на присутните претставници на Друштвото, меѓутоа доколку одговорот не може да се даде веднаш, истиот ќе биде објавен на интернет страната на Друштвото. ------------
Со оглед дека никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори дискусијата и предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.--------------------------------------------------------------------
Гласањето ги даде следните резултати : ----------------------------------------------------

**Точка 3 – Item 3**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.251.362 | 99,98% |
| НЕ / NO | 4.513 | 0,01% |
| Воздржан / Abstained | 8.665 | 0,01% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br><br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

25

По извршеното гласање, Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија.-------------------
4. По четвртата точка од Дневниот ред - Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, Претседавачот отвори дискусија.----------------------------------------------
Со оглед дека никој не се јави за дискусија, Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.-------------------------
Малцинските акционери Г-дин Тихомир Мукаетов, Г-дин Благоја Ивковски и Г-дин Симо Груевски истакнаа дека нема да гласаат по оваа точка од Дневниот ред.--
Гласањето ги даде следните резултати : ----------------------------------------------------

---------------------
Претседавач с.р

Точка 4 – Item 4

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.249.362 | 99,98% |
| НЕ / NO | 1.614 | 0,00% |
| Воздржан / Abstained | 5.450 | 0,01% |
| Гласале / Voted | 82.256.426 | 99,99% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

28

По извршеното гласање, Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансискоизвестување.------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

5. По петтата точка од Дневниот ред - Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година според Меѓународните стандарди за финансиско известување, Претседавачот отвори дискусија.------------------------------
Со оглед дека никој не се јави за дискусија, Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.-------------------------
Гласањето ги даде следните резултати : ----------------------------------------------------

Точка 5 – Item 5

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.249.362 | 99,98% |
| НЕ / NO | 9.728 | 0,01% |
| Воздржан / Abstained | 5.450 | 0,01% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

31

По извршеното гласање, Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за усвојување на ревидираните Консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година според Меѓународните стандарди за финансиско известување. -----------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

6. По шестата точка од Дневниот ред - Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2010 година , Претседавачот отвори дискусија.--------------------------------------------------------------------------------
За дискусија се пријави Г-дин Симо Груевски, малцински акционер, со барање за појаснување на ставот од втората страна од Годишниот извештај, и тоа по однос на износот од околу 4.300.000,00 евра (четиримилиониитристотиниилјади евра), што претставува платен данок на Управата за јавни приходи, а по предходно добиено Решение за данок. Укажа дека смета дека тој износ има влијание на профитот на Друштвото, а со оглед на тоа и на износот на дививендата кој треба да се исплати.--------------------------------------------------------------------------------------
Одговор на поставеното прашање даде Главниот директор за финансии на

---------------------
Претседавач с.р.

Друштвото, Г-дин Славко Пројкоски, кој информираше дека дополнително образложение по ова прашање ќе биде објавено на официјалната интернет страна на Друштвото.Во краткиот одговор Г-дин Славко Пројкоски појасни дека по добивањето на финалниот Извештај ("Извештајот за истрага до Одборот за ревизија на Маѓар Телеком"), истиот беше разгледан и по тој основ е направена резервација за евентуални потенцијални даночни ефекти и истите така се прокнижени. Во текот на 2010 година извршено е плаќање по основ на тие евентуални даночни ефекти врз основа на Решение од страна на надлежните државни институции.-----------------------------------------------------------------------------

За дискусија повторно се пријави Г-дин Симо Груевски, кој истакна дека смета дека платениот износ всушност претставува обештетување на Управата за јавни приходи по основ на злоупотребите во Друштвото. Постави прашање зошто малцинските акционери не добиле обештетување од злоупотребите кои со финалниот Извештај се околу 24.000.000,00 евра ( дваесетичетиримилиони евра).---

Со оглед дека никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори дискусијата и предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.-----------------------------------------------------------------------------

Гласањето ги даде следните резултати : ------------------------------------------------------

**Точка 6 – Item 6**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.255.945 | 99,99% |
| НЕ / NO | 6.144 | 0,01% |
| Воздржан / Abstained | 2.451 | 0,00% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

34

По извршеното гласање, Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2010 година .-------------------------------------------------------------------------------------

7. <u>По седмата точка од Дневниот ред</u> - Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2010 година, Претседавачот отвори дискусија.-----------

Со оглед дека никој не се јави за дискусија, Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.-------------------------

Гласањето ги даде следните резултати : ------------------------------------------------------

**Точка 7 – Item 7**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.262.547 | 100,00% |
| НЕ / NO | 614 | 0,00% |
| Воздржан / Abstained | 1.379 | 0,00% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

37

---------------------

Претседавач с.р

По извршеното гласање, Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2010 година.---------

8. По осмата точка од Дневниот ред - Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2010 година , Претседавачот отвори дискусија.-----------------------------

За дискусија се пријави Г-дин Венко Темелковски, малцински акционер, кој наведе дека по констатираната добивка за неревидиран извештај, Друштвото заклучува добивка која ќе ја дели за дивиденда. Праша која е причината што Друштвото објавува една вредност - бруто износ на дивиденда, а потоа кажува колку се одвојува за данок.--------------------------------------------------------------------------------

Одговор даде Главниот директор за финансии на Друштвото, Г-дин Славко Пројкоски,кој истакна дека согласно измените од Законот за трговски друштва, подетален одговор, како дополнително образложение по ова прашање, ќе биде објавен на официјалната интернет страна на Друштвто. Краткиот одговор на поставеното прашање се однесува на различната акционерска структура на Друштвото, а по тој основ, има и различно оданочување. Од тие причини не може точно да се наведе во одлуката која е нето вредноста на дивидената за 2010 година

Повторно за дискусија се пријави Г-дин Венко Темелковски, со констатација дека и други компании во Република Македонија имаат различна акционерска структура, но немаат ваков пристап во содржината на одлуките .-------------------------------------

Главниот директор за финансии на Друштвото, Г-дин Славко Пројкоски, појасни дека финалната акционерска структура ќе биде позната по последниот ден на тргување на берзата, односно, после 21 април (дваесетипрви април) 2011 година, и на официјалната интернет страна на Друштвто ќе биде објавено колку е бруто, а колку нето износот на дивидентата за 2010 година за сите видови акционери.--------

За дискусија се пријави Г-динот Оливер Костуранов, Претседател и Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, кој појасни дека во моментот објективно не постои можност да се даде одговор на прашањето на Г-дин Венко Темелковски , од причина што постои пресечен датум, а во меѓувреме постојано се тргува со акции на берзата.--------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------

За дискусија се пријави Г-дин Благоја Ивковски, малцински акционер, кој истакна дека структурата на билансот започнува со бруто профит, потоа се плаќа 10 % ( десет проценти) на Државата и останува нето профитот, кој се дели на акционерите. Тоа го прават сите компании во Република Македонија, и истите тоа го објавуваат на седниците на Годишните собранија на нивните компании.------------

Главниот директор за финансии на Друштвото, Г-дин Славко Пројкоски, појасни дека Друштвото донесува Одлука за поделба на бруто дивиденда. Во зависност од структурата на акционерите, ќе биде детерминиран данокот кој што ќе треба да се плати на Државата по различни основи. Тоа што ќе остане во зависност од структурата, ќе биде дистрибуирано како нето добивка, а тоа во овој момент не може да се утврди, односно точните информации ќе се знаат по 21 април (дваесетипрви април) 2011 година. -----------------------------------------------------------

Со оглед дека никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори дискусијата и предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.------------------------------------------------------------------------------

Гласањето ги даде следните резултати : ---------------------------------------------------

---------------------

Претседавач с.р

**Точка 8 – Item 8**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.262.026 | 100,00% |
| НЕ / NO | 1.900 | 0,00% |
| Воздржан / Abstained | 614 | 0,00% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

40

По извршеното гласање, Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за исплата на дивиденда на Друштвото за 2010 година.-----------------------

9. По деветтата точка од Дневниот ред – Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2010 година.------

Претседавачот ги извести присутните акционери, односно, нивни овластени застапници, дека гласањето ќе биде поединечно за секој член на Одборот на директори на Друштвото кои работеле во текот на 2010 година или во одреден временски период во текот на истата, а ќе биде потпишана една Одлука.--------------

1).Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Оливер Костуранов – Претседател и Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат од 01.05.2010 година и потоа отвори дискусија по Предлог Одлуката.------------------------------------------------------

Со оглед дека никој не се јави за дискусија, Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.------------------------

Гласањето ги даде следните резултати : -----------------------------------------------------

**Точка 9.1 – Item 9.1**

**Г-дин Оливер Костуранов - Mr. Oliver Kosturanov**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.253.624 | 99,99% |
| НЕ / NO | 1.000 | 0,00% |
| Воздржан / Abstained | 9.916 | 0,01% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

44

По извршеното гласање Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Оливер Костуранов – Претседател и Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат од 01.05.2010 година.--------------------------------------------------------------------------

2.) Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Николај Бекерс – Извршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на цела 2010 година и потоа отвори дискусија по Предлог Одлуката.-------------------------------------------------------

Со оглед дека никој не се јави за дискусија, Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.------------------------

Гласањето ги даде следните резултати : -----------------------------------------------------

--------------------
Претседавач с.р

**Точка 9.2 – Item 9.2**

**Г-дин Николај Бекерс - Mr. Nikolai Beckers**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.255.010 | 99,99% |
| НЕ / NO | 1.000 | 0,00% |
| Воздржан / Abstained | 8.530 | 0,01% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

46

По спроведенто гласање , Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Николај Бекерс – Извршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на цела 2010 година. ----------------------------------------------------------------------------------------

3.) Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Кристофер Матхајзен – Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на целата 2010 година и потоа отвори дискусија по Предлог Одлуката.-------------------------------------------------------

За дискусија се пријави Г-дин Симо Груевски, малцински акционер, кој постави прашање дали Г-дин Кристофер Матхајзен, од неговиот избор за член на Одборот присуствувал на состаноците на Одборот на директори на Друштвото.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседателот на Одборот на директори на Друштвото, Г-дин Оливер Костуранов потврди дека Г-дин Кристофер Матхајзен редовно присуствува на состаноците на Одборот на директори на Друштвото.-------------------------------------------------------

Со оглед дека никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори дискусијата и предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.---------------------------------------------------------------------------

Гласањето ги даде следните резултати : -------------------------------------------------------

**Точка 9.3 – Item 9.3**

**Г-дин Кристофер Матхајзен - Mr. Christopher Mattheisen**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.258.910 | 99,99% |
| НЕ / NO | 0 | 0,00% |
| Воздржан / Abstained | 5.630 | 0,01% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

48

По спроведеното гласање,Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Кристофер Матхајзен – Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на целата 2010 година.-------------------------------------------------------------------------------------

4) Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Јанош Сабо – Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на целата 2010 година и потоа отвори дискусија по Предлог Одлуката---------------------------------------------------------------------------

Со оглед дека никој не се јави за дискусија, Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.--------------------------

--------------------

Претседавач с.р

Гласањето ги даде следните резултати : -----------------------------------------------------

**Точка 9.4 – Item 9.4**

**Г-дин Јанош Сабо - Mr. Janos Szabo**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.252.696 | 99,99% |
| НЕ / NO | 630 | 0,00% |
| Воздржан / Abstained | 11.214 | 0,01% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

50

По изршеното гласање Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Јанош Сабо – Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на целата 2010 година.------------------------------------------------------------------------------------------------
5) Претседавачот предлложи Собранието да ја усвои Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Клаус Ничке – Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на целата 2010 година и потоа отвори дискусија по Предлог Одлуката---------------------------------------------------------------
Со оглед дека никој не се јави за дискусија, Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.-------------------------
Гласањето ги даде следните резултати : -----------------------------------------------------

**Точка 9.5 – Item 9.5**

**Г-дин Клаус Ничке - Mr. Klaus Nitschke**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.250.696 | 99,98% |
| НЕ / NO | 0 | 0,00% |
| Воздржан / Abstained | 13.844 | 0,02% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

52

По изршеното гласање, Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Клаус Ничке – Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на целата 2010 година . ------------------------------------------------------------------------------------------------
6) Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Гунтер Мосал – Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на целата 2010 година и потоа отвори дискусија по Предлог Одлуката---------------------------------------------------------------
Со оглед дека никој не се јави за дискусија, Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.-------------------------
Гласањето ги даде следните резултати : -----------------------------------------------------

---------------------
Претседавач с.р

**Точка 9.6 – Item 9.6**

**Г-дин Гунтер Мосал - Mr. Guenter Mossal**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.251.326 | 99,98% |
| НЕ / NO | 6.214 | 0,01% |
| Воздржан / Abstained | 7.000 | 0,01% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

54

По изршеното гласање Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Гунтер Мосал – Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на целата 2010 година.------------------------------------------------------------------------------------------------

7) Претеседавачот предложи Собранието да ја усвои Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Горан Ивановски - Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на целата 2010 година и потоа отвори дискусија по Предлог Одлуката----------------------------------------------------------------

Со оглед дека никој не се јави за дискусија, Претседавачот предложи Собранието да ја усвои Предлог Одлуката и потоа се пристапи кон гласање.--------------------------

Гласањето ги даде следните резултати : ---------------------------------------------------

**Точка 9.7 – Item 9.7**

**Г-дин Горан Ивановски - Mr. Goran Ivanovski**

| | | |
|---|---|---|
| ДА / YES | 82.251.625 | 99,98% |
| НЕ / NO | 4.630 | 0,01% |
| Воздржан / Abstained | 8.285 | 0,01% |
| Гласале / Voted | 82.264.540 | 100,00% |
| Вкупен број на присутни акции со право на глас<br>Total number of present voting shares | 82.264.540 | |

56

По изршеното гласање Претседавачот констатираше дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на работата на членот Г-дин Горан Ивановски - Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото со мандат во текот на целата 2010 година.------------------------------------------------------------------------------

